# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**19 септември 2008 година**

**Предмет:** Работилницата за напредно истражување на тема „Развој на идејни и политички мислења за националната и регионална стратегија за безбедност во Југо-Источна Европа базирана на минати сценарија“

Во период од 19-22 септември во х. Арка во Скопје ќе се одржи **Работилницата за напредно истражување на тема „Развој на идејни и политички мислења за националната и регионална стратегија за безбедност во Југо-Источна Европа базирана на минати сценарија“**, во организација од **Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД**, во соработка со Атлансткиот клуб од Бугарија. Оваа Конференција е спонзорирана од НАТО програмата *Безбедност преку наука*.

Работилницата ќе се фокусира на можните карактеристики на идната безбедносна средина во Југо-Источна Европа. Експертите ќе дискутираат на теми од економијата, политичката наука, социологијата, безбедноста, екологијата и одбраната, каде што истите ќе предложат алтернативи за развој на сите фактори и услови кои ја одредуваат „Балканската безбедносна загатка“. Со употреба на посебен софтвер работилницата ќе генерира можни сценарија за регионот, за до следната 2020 година. Најпрво ќе започнеме со анализа на она што се случува на Балканот и ќе се обидеме да одговориме во однос на тоа што можеме да очекуваме да се случи во поширок безбедносен аспект. Почетното предвидување е дека сите доминантни безбедносни парадигми се премногу длабоко всадени во минатото и притоа без соодветна временска прилагодба може да стане сериозна пречка за целосниот демократски развој на соодветните општества. Во сценаријата учесниците ќе ги идентификуваат оние компоненти за новата безбедносна парадигма и препораки кои би претставувале основно

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

придвижување за политичкото однесување на регионалните власти и општествата.

За таа цел би сакале да Ве поканиме да ја проследите оваа работилница и за истата да ја известите македонската јавност. Вашето присуство ќе биде ценето и воедно ќе ни преставува задоволство да Ви одговориме на прашањата и да Ви ги дадеме сите потребни информации во однос на работилницата.

* * *

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk